"Nova Mekedonija" Skoplje, 5.oktobar 1993.

ИНТЕРФЕСТ '93

# Незаборавна ноќ

**● Прва вечер и први возбудувања по настапот на Нада и Јован Колунџија**

Во саботата, со скромен огномет, кој претходеше на подигнувањето на фестивалското знаме, промовиран е еден мошне добро осмислен фестивал, на кој целта му е сосем јасна: да се задоволат потребите на битолската публика, давајќи им можност за средби со врвни исполнители на сериозна музика, со низа придружни манифестации.

Прекрасниот амбиент на Заводот Музеј – Галерија, каде што е во тек изложба на современото македонско сликарство, е вистински празник на визуелно и акустично спојување и претставуваа врвно духовно доживување. Со настапот на Јован Колунџија започна волшебноста што ја поседува и подарува уметник со врвни квалитети. Неговата Гварнери виолина пленуваше со убавината на звукот, особено во изведбата на делото „партита во Де-мол" бр. 2 за виолина соло од J.С. Бах.

Во вториот дел со пијано придужба на Нада Колунџија беа изведени две композиции: „Четири пиеси" од Ј. Сук но со делото на К. Сен-Санс, „Интродукција и рондо капричиозо" е постигната врвна виртуозност, прецизност на интонацијата и бравурозност. Тоа беа големи мигови на Јован Колунџија.

Нада Колунџија придонесе со своето музицирање, со хармоничка ненаметлива уметничка соработка и помогна да се постигне извонреден впечаток.

На бис беше исполнет Крајслеровиот „Прекрасен рузмарин", како потврда на оваа незаборавна битолска ноќ.

Оваа фестивалка оаза на музиката се спротивставува можеби донкихотовски на ветерниците на шундот што го поддржуваат моќниците на ТВ, Радиото, и на касетните продукции, кои прават катастрофа во воспитувањето, осознавањето за се она што го дава само вистинската музика, која треба едукативно да се презентира на сите втурнати во осиромашување на нивниот духовен живот нудејќи им индустриска музика, квази – патриотска и блиска на руралните средини.

Овој фестивал ја оживува надежта, дека полека но сигурно се води пресудна битка помеѓу културата и некултурата што е во експанзија.

Љубомир Брангулица